РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1952/2
08-03-2023 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 83-та седница одржана на ден 27.02.2023 година ја донесе следната

## О д л у к а

Пријавата заведена под број 12-1952/1 од 19.05.2021 година, оформен по доставена пријава за сомневање за незаконско именување на в.д. директор на ЈП ----------------------------------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-1952/1 од 19.05.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител на ден 19.05.2021 година, поднесена е пријава за сомневање за незаконско именување на в.д. директор на ЈП --------------------------------- и оформен е предмет број 12-1952/1 од 19.05.2021 година.

Во пријавата се укажува на сомневање дека назначувањето за в.д. директор на ЈП ------------------------------------------ на лицето ---------------------- од почетокот на 2018 година па до моментот на поднесување на пријавата е незаконско. Во пријавата се наведува дека назначувањето почнало од претходниот и продолжило и од моменталниот градоначалник и трае три и пол години, односно седум мандати за истото лице како в.д. директор. Во продолжение се наведува дека ова лице исто така не ги исполнува условите согласно Законот за јавни претпријатија за раководна функција.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, Државната комисија изврши увид во податоците запишани во

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

историјатот на промени на јавното претпријатие во Централниот регистар на РСМ од каде што е видно дека лицето е разрешено со решение од 11.11.2021 година на Градоначалникот на ------------------------------.

ДКСК констатираше и во претходни случаи дека при неколкукратно именување на в.д. директор се работи за изигрување на законски одредби кои се однесуваат на надлежноста на градоначалниците, иако во Законот за локална самоуправа и материјалните закони не е предвиден основ за санкционирање на оваа пракса.

Имајќи го предвид наведеното , како и дека пријавената состојба е надмината, односно в.д. директорот е разрешен, ДКСК нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: м-р В.Г., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Катица Николовска**